Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 25/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 01 февруари 2022 година, врз основа на примена жалба од Гордана Трајкоска за порталот „Кумановски муабети.мк", ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 11 јануари 2022 година, Гордана Трајкоска поднесе жалба за текстот со наслов „Инфлација во регионот: Режиските трошоци најмногу поскапеа кај нас“, објавен на 11 јануари 2022 година, на интернет – порталот „Кумановски муабети.мк“ (www.kumanovskimuabeti.mk).

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има елементи на прекршувања поради незаштитена малолетна публика при објавување на содржини на интернет порталот. Дополнително, жалителката истакнува дека впрочем жалбата е упатена за рекламните содржини кои се прикажуваат на веб страницата на интернет порталот, вклучително и на веб линкот со наведената спорна содржина. Воедно, жалителката укажува дека е срамно и несоодветно да се прикажуваат слики од полови органи во форма на рекламен материјал, на интернет портал којшто објавува информации од јавен карактер, интернет портал којшто всушност не е наменет за порнографија. Жалителката посочува дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија во членот 11.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Кумановски муабети.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот, Никола Ивановски, одговори на наводите на жалителката Гордана Трајкоска, го прифати процесот на медијација и појасни за системот на рекламирање што е поставен на порталот.

*„Ја разбираме реакцијата на подносителот на жалбата. Станува збор за native marketing од платформата MGID со која нашиот портал соработува. Рекламите кои се појавуваат се врз основа на интересот на читателите врз основа на работи што тие претходно ги гледале и она што алгоритмите одлучуваат да им го прикажат и не се исти за сите што го отвораат порталот. Впрочем, најдолу на сајтот и во делот за маркетинг порталот Кумановски Муабети има посочено: Надворешните линкови преку маркетинг платформата MGID се одговорност на самиот огласувач, и порталот Кумановски Муабети не сноси никаква одговорност за пласираните информации. Кумановски Муабети не ги избира рекламите кои ќе се прикажуваат лично, туку ги прикажуваат алгоритми.*

*Ќе се обидеме да стапиме во контакт со платформата MGID и да видиме зошто тоа се случува кај одредени корисници и дали постои можност такви реклами во иднина да не се појавуваат.“*

Дополнително, уредникот прати известување со информација за известување од платформата за рекламирање дека во иднина нема да прикажуваат такви реклами и дека се направени измени во алгоритмите.

Комисијата за жалби утврди промени во платформата за рекламирање и се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски,Снежана Трпевска,Ердем Ахмети Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595